**20190370637**

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ**

Врз основа на член 48 од Законот за патните исправи на државјаните на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 67/92, 20/03, 46/04, 19/07, 84/08, 51/11, 135/11, 154/15 и 55/16), министерот за внатрешни работи донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ОБРАСЦИТЕ НА ПАТНИТЕ ИСПРАВИ И ВИЗИ НА ДРЖАВЈАНИТЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ЗА НАЧИНОТ НА ФОТОГРАФИРАЊЕ И ЗЕМАЊЕ НА ПОТПИС ЗА ПАТНИТЕ ИСПРАВИ И ЗА ВОДЕЊЕ НА ЕВИДЕНЦИЈА

Член 1

Во Правилникот за обрасците на патните исправи и визи на државјаните на Република Македонија, за начинот на фотографирање и земање на потпис за патните исправи и за водење на евиденција („Службен весник на Република Македонија“ бр. 2/93, 54/93, 73/04, 40/07, 161/07, 73/10, 40/14, 119/15, 126/17 и 99/18), по членот 2-г се додава нов член 2-д, кој гласи:

„Член 2-д

(1) Во пасошот, во нумерираната внатрешна страница број 2 се втиснува во вид на штембил (Прилог број 15) со димензии 7,2 x 3,7 cм, следната содржина

„Овој пасош е сопственост на
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
This passport is property of the
REPUBLIC OF NORTH MACEDONIA
Ce passeport demeure la propriété de la
REPUBLIQUE DE MACEDOINE DU NORD“

(2) Во пасошот што се печати на службен јазик различен од македонскиот јазик, во нумерираната внатрешна страница број 2 се втиснува во вид на штембил (Прилог број 16) со димензии 7,2 x 3,7 cм, следната содржина

„Овој пасош е сопственост на
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Kjo pasaportë është pronë e
REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERUIT
This passport is property of the
REPUBLIC OF NORTH MACEDONIA
Ce passeport demeure la propriété de la
REPUBLIQUE DE MACEDOINE DU NORD“

Член 2

Прилозите број 15 и 16 се дадени во прилог и се составен дел на овој правилник.

Член 3

Овој правилник влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 13.1.1-12732/1
12 февруари 2019 година
Скопје

Министер
за внатрешни работи,
**Оливер Спасовски,** с.р.

## Прилог број 15

Овој пасош е сопственост на
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
This passport is property of the
REPUBLIC OF NORTH MACEDONIA
Ce passeport demeure la propriété de la
REPUBLIQUE DE MACEDOINE DU NORD

## Прилог број 16

Овој пасош е сопственост на
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Kjo pasaportë është pronë e
REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT
This passport is property of the
REPUBLIC OF NORTH MACEDONIA
Ce passeport demeure la propriété de la
REPUBLIQUE DE MACEDOINE DU NORD